ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

Задоволство ни е да ве информираме дека и оваа година, според Годишниот план за работа, ФЗОМ организира работилница на тема "Листа на лекови на товар на ФЗОМ – пракса и искуства" која се оддржа во просториите на ЈЗУ ГОБ "8 Септември" во Скопје за здравствените работници кои вршат дејност во здравствени установи кои имаат договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија.



Работилницата ја отворија директорот на ФЗОМ Џемали Мехази, претседателот на Фармацевтската Комора на Македонија доц.д-р Бистра Ангеловска и претседателот на Здружението на приватните лекари на РМ, д-р Лилија Члакова Дервишова.

Целта беше во поширок состав и на отворена маса да се дискутираат прашања, проблеми и предлози во врска со имплементацијата на Листата на лекови на товар на ФЗОМ (позитивната листа), од аспект и на фармацевтите и на лекарите, токму во периодот пред да се започне активната комуникација и разговорите за терковите на договорите-анексите за 2013 година помеѓу ФЗОМ и здравствените установи.

Очекуваниот резулатат е максимална примена на одредбите од позитивната листа и другите законски прописи и уште подобра достапност на лековите од истата за осигурениците на Фондот.

На оваа работилница беа поканети претставници на Фармацевтската Комора на Македонија, Лекарската Комора на Македонија и Здружението на приватните лекари на РМ и сите нивни членови кои се делегирани од Коморите и присуствуваат на редовните месечни работни средби кои се одржуваат во Подрачните служби на Фондот кои искуствата и информациите ќе ги пренесат до целото членство.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија секогаш стои на располагање за соработка и е подготвен за активности кои се во интерес на осигурениците и граѓаните на Р. Македонија.